Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 22.03.2021

На 21.03.2021 во 21,45 часот во СВР Куманово од Општата болница-Куманово било пријавено дека кај нив биле донесени шест лица С.С.(34), В.И. (31), Н.Н. (31), З.С.(27), М.Н. (44) и Б.Ш.(36), кои се здобиле со тешки телесни повреди како резултат на експлозија на плинска боца во приватен објект (викендица) во с.Матејче на место викано „Матејачки колиби". Потоа тие биле пренесени во комплексот клиники "Мајка Тереза". Известен е јавен обвинител. и извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 21.03.2021 во 11.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека во семејна куќа во Куманово се одржувала семејна веселба односно не се почитувале здравствените прописи за време на епидемија.Полициски службеници од СВР Куманово извршиле контрола и во семејната куќа во сопственост на Т.М.(29) биле затекнати повеќе лица-гости.По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена пријава по чл.206 од Кривичниот законик- "непостапување според здравствени прописи за време на епидемија".

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (21.03.) продолжи со акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 88 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 20 санкции, 19 за возење без возачка дозвола. Изречени се четири санкции за користење мобилен телефон, една санкција за управување под дејство на алкохол, 26 за непрописно паркирани возила...

На 21.03.2021 во 21,30 часот било пријавено дека на локалниот пат с.Кондово-с.Радуша се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „форд мондео" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(36) од с.Радуша, скопско и патничко моторно возило „венто" со скопски регистарски ознаки, управувано од Л.Љ.(28) од с.Сарај, скопско. По незгодата сопатникот од патничко моторно возило„венто" - И.Љ.(52) од с.Сарај, и возачот на патничко моторно возило„форд мондео" - Б.А. биле пренесени во Градската општа болница„Св.Наум Охридски", каде кај И.Љ. биле констатирани тешки телесни повреди, додека кај Б.А. биле констатирани повреди. На местото на настанот извршен е увид од СВР Скопје.

На 20.03.2021 во времето од 17.00 до 23.00 часот, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола при што се откриени 45 прекршоци меѓу кои 13 за управување возила под дејство на алкохол, 4 за пречекорување на брзина на движење, 5 за возење без возачка дозвола, 2 за нерегистрирани возила, 2 за некористење сигурносен појас. Сите возачи биле соодветно санкционирани.

На 21.03.2021 во 21,15 часот на бул.„Словенија" било пријавено дека се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Н.(23) од Скопје и патничко моторно возило„фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.З.(38) од Скопје. По незгодата учесниците се пренесени во Градската општа болница„8-ми Септември" и Комплекс клиники„Мајка Тереза" каде на возачот И.З. и возачот Б.Н. како и на неговите сопатници Е.Р.(21) од Скопје и Е.Е.(20) им биле констатирани повреди, додека на сопатникот М.М.(22) му биле констатирани тешки телесни повреди. На местото на настанот извршен е увид од СВР Скопје.

На 21.03.2021 во 08,20 часот било пријавено дека на влез кај с.Бело Поле, прилепско се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "опел астра" со прилепски регистарски ознаки, управувано од П.М.(57) од с.Бело Поле и товарно моторно возило "мерцедес" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Т.Ѓ.(46) од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил П.М. констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

Поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „загрозување на сигурноста", ОВР Дебар, до надлежното јавно обвинителство поднесе кривична пријава против М.К.(34) од Дебар. Тој, на социјалните мрежи „Фејсбук" и „Инстаграм", креирал лажен профил од кој, во повеќе наврати на О.Р. од Дебар му испраќал закани по неговиот живот и видео записи со недолична содржина.

На 21.03.2021 во 20,00 часот било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" во Скопје возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, кое по незгодата напуштило лице место, удрило во 15 годишен пешак од Скопје. По незгодата пешакот бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. На местото на настанот извршен е увид од СВР Скопје. Известен е јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.03.2021 во 15.00 часот во Полициската станица Кочани, 63 годишна жена пријавила дека на 20.03.2021 околу 22.30 и околу 12.00 часот на 21.03.2020, во семејниот дом во кочанско село, од страна на нејзиниот син З.В.(40) и биле упатувани закани дека ќе посегне по нејзиниот живот и ќе ја запали куќата. Полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода З.В и против него по комплетирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Д.А. (32) од Прилеп поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 05.02.2021 при извршен претрес на патничко моторно возило „мерцедес", со бугарски национални ознаки биле пронајдени и одземени бугарска лична карта, возачка дозвола на име на Д.А., 12 документи на бугарски јазик, две зелени карти на бугарски јазик и две сообраќајни дозволи на име на Ј.Т.В. (42) од Р.Северна Македонија, бидејќи бугарската возачка дозвола на име на пријавениот која ја приложил на полициските службеници на увид била фалсификувана и пријавениот не поседувал полномошно за управување на возилото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Н.И.(22) од Свети Николе, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,психотропни супстанции и прекурсори". На 28.05.2020 во 10,50 часот, во куќа во Свети Николе, од полициски службеници биле затекнати Н.И, како и А.П. и Д.С на кои претходно Н.И им продал наркотична дрога- хероин и истата била подготвена за користење. При преглед над лицата и местото биле пронајдени и одземени хероин, марихуана, мешавина од кофеин и парацетамол и алуминиумски фолии.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Г.К.(41) од с.Боротино,прилепско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 14.08.2020 од полициски службеници од ОВР Прилеп, при извршен претрес во дом и други простории во с.Боротино, биле пронајдени и одземени пиштол „Continental", со калибар 6,35 мм, за кој Г.К. не поседувал дозвола за поседување и носење на оружје и шест куршуми калибар 6,35 мм.

На 21.03.2021 во 16,35 часот било пријавено дека на подрачјето на Аеродром во продавница две лица со закана со остар предмет од вработена одземе пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет